(Образец ПП___)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Прим: 04-11-2021
41 476/1

**До:**
**Општина Битола**
Бул. 1 Мај бр.61, Битола
Република Северна Македонија
(Имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**

ул. ( Битола,

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ул. |
Битола. Тел: е-маил:
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Согласно Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачје на Општина Битола донесена во мај 2019 година Ве молам да ни ги доставите **годишните извештаи за 2019, 2020 и 2021 година** (заклучно со денот на доставување на ова барање) **за бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на Општина Битола** согласно обврската за водење евиденција од член 20, став (2) од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44/21) и член 9, став (1), алинеја 1 од Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10), кој беше на сила до 01.03.2021 година.

Информациите бараме да ни бидат доставени на електронската адреса наведена во ова барање.

**Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:**

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго

**Начин на доставување на информацијата**:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ___________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола,**
**04.10.2021 година**

_____________________________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Архивски знак: 4109
Рок на чување: 3 год.
20.01. 2022

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Прим: 04-11-2021

**До** **Бр. 41-476/2**

**Александра Ангеловска** **04.11.2021**

**Соработник за животната средина**

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 41-476/1 за пристап до информации од јавен карактер од барателот , доставено преку застапник/полномошник на барателот на информацијата

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 3 работни дена.

04.11.21

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

31-2122

04.11.2021 год.

Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 41-476/3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04-11-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41- | 476/3 | | |

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,
Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.41-476/1 од 04.11.2021 година, Ве информираме дека Согласно Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни Глава 6 Годишната програма се реализира во соработка со ЈП Комуналец кој ги исполнува условите за изведување на активностите.

Согласно водениот разговор со ЈП Комуналец за горенаведениот допис, вработена во ЈП Коминалец ни ги даде следните податоци.

Ви ги испраќам истите :

Вкупниот број на заловени и третирани бездомни животни на територијата на Општина Битола за 2019 и 2020 година е 879, а од нив 79 кученца се вдомени.

За 2021 година сеуште не располагаат со таков податок.

Со почит,

Изработил
Александра Ангеловска

РАКОВОДИТЕЛ

Одделение за урбанистичко планирање
и заштита на животната средина

Валентина Андријашевиќ Кривашија, диа

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
31-2122
04.11.2021 год.
Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
04-11-2021
41-476/3

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,
Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.41-476/1 од 04.11.2021 година, Ве информираме дека Согласно Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни Глава 6 Годишната програма се реализира во соработка со ЈП Комуналец кој ги исполнува условите за изведување на активностите.

Согласно водениот разговор со ЈП Комуналец за горенаведениот допис, вработена во ЈП Коминалец ни ги даде следните податоци.

Ви ги испраќам истите :

Вкупниот број на заловени и третирани бездомни животни на територијата на Општина Битола за 2019 и 2020 година е 879, а од нив 79 кученца се вдомени.

За 2021 година сеуште не располагаат со таков податок.

Со почит,

Изработил
Александра Ангеловска

Примил
04.11.2021

РАКОВОДИТЕЛ

Одделение за урбанистичко планирање
и заштита на животната средина

Валентина Андријашевиќ Кривашија, диа

Република Северна Македонија
Општина Битола
Сектор за јавни дејности, ЕР и информатичка технологија
Бр. 41-476/4
04.11.2021
Битола

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Сл.в. РСМ бр. 101/2019 постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Општина Битола донесе:

## РЕШЕНИЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРИСТАП

Барањето на барателот доставено преку застапник/полномошник на барателот на информацијата со бр.41-476/1 од 04.11.2021 година за пристап до информација:

- Прашањето е фотокопирано на следната страна

СЕ ОДОБРУВА

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од
јавен карактер
Цветанка Ристевска

Gmail

Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>

## Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер
1 message

**Cvetanka Ristevska** <cvetankam84@gmail.com> Thu, Nov 4, 2021 at 2:48 PM
To: r

Почитувани,

Во прилог Ви доставувам одговор на Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за потврда на добиениот мејл.

Со почит

--
Цветанка Ристевска
Раководител на одделение за административни
и општи работи
Општина Битола

+389 76 48 57 54
cvetankam84@gmail.com
contact@bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41- | 476 | 5 | |

**Одговор на барање за пристап до информации од** .pdf
168K

41-476/5/1
04.11.2021

**До:**

**Агенција за заштита на правото**
**на слободен пристап до информации од јавен карактер**
бул. Гоце Делчев бр. 18, Скопје

**Од:**

**Битола**
ул. , , Битола
e-mail:

**ПРЕДМЕТ: ЖАЛБА**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на ден 04.10.2021 година од страна на , по електронски пат, поднесено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информацијата – Општина Битола.

- Имателот на информацијата се нема произнесено во врска со барањето на слободен пристап до информација од јавен карактер во рамки на законски определениот временски рок;
- Имателот на информацијата не доставил појаснување за исклучок од слободен пристап на информацијата согласно членот 6;
- Имателот на информацијата нема одговорено дали одлучувал по барањето согласно член 14 или дали барањето е одбиено согласно член 25;

**Прилог:**

01 Барање за пристап до информации од јавен карактер од 04.10.2021 година во електронска форма (проследено во целост на овие електронски адреси)

**За постапувањето по оваа ЖАЛБА, преземените службени дејствија и исходот од истите Ве молиме да бидеме известени на писмено на оваа електронска адреса. Дополнително, Ве молиме да ни обезбедите пристап до побараните информации, содржани во барањето од 04.10.2021 година.**

**Со почит,**

Gmail

Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>

# Одговор по Жалба бр 08-763

1 message

**Cvetanka Ristevska** <cvetankam84@gmail.com> Thu, Nov 4, 2021 at 2:45 PM
To:

Почитувани,

Во прилог Ви го доставувам одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер доставен од

Одговорот е испратен и до здружението.

Со почит,

--
Цветанка Ристевска
Раководител на одделение за административни
и општи работи
Општина Битола

+389 76 48 57 54
cvetankam84@gmail.com
contact@bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41- | 476 | /6 | |

---

**Одговор на барање за пристап до информации од** pdf
168K

Ев. бр 1807/2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 22-11-2021
Број: 41-476/7 | Прилог | Вредност

Врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), а согласно член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од од Битола, поднесена преку , застапник на поднесена против Општина Битола, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на __.__.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Жалбата изјавена од Здружението за заштита „АРК Анималис" од Битола, поднесена преку Марија Саботиновска, застапник на Здружението, поднесена против Општина Битола, заведена во Агенцијата под бр.08-763 на 03.11.2021 година по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**
2. **Предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.**
3. **Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Здружението за заштита „АРК Анималис" од Битола, на 04.10.2021 година поднело Барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола, со кое побарало по е-маил да му достави фотокопија од следната информација:

„1.Согласно Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачје на Општина Битола донесена во мај 2019 година Ве молам да ни ги доставите годишните извештаи за 2019, 2020 и 2021 година (заклучно со денот на доставување на ова барање) за бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на Општина Битола согласно обврската за водење евиденција од член 20, став (2) од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44.21) и член 9, став (1), алинеја 1 од Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10), кој беше на сила до 01.03.2021 година."

Имателот на информации, на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информациите, во законски предвидениот рок, поднел Жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведена во Агенцијата под бр.08-763 од 03.11.2021 година.

Агенција, преку е-маил заведен под бр.08-763 од 03.11.2021 година, ја препрати Жалбата до Општина Битола и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации на 04.11.2021 година до Агенцијата достави е-маил, заведен во Агенцијата под бр.08-763, во прилог ги достави сите списи во врска со предметот. Меѓу другите, Решението за добивање на пристап бр.41-476/4 од 04.11.2021 година, во кој е наведено дека: „Прашањето е фотокопирано на следната страна", додека во Одговорот на барање насловено до лице за посредување при остварување на слободен пристап бр.41-476/3 од 04.11.2021 година, се наведува дека: „Вкупниот број на заловени и третирани бездомни животни на територијата на Општина Битола за 2019 и 2020 година е 879, а од нив 79 кученца се вдомени. За 2021 година сеуште не располагаат со таков податок."

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата, истата **ЈА УВАЖИ и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган,** поради следното:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот, утврди дека Имателот на информации не постапил целосно согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и не ја доставил бараната информација до барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, иако донел „Решение за добивање на пристап".

Во конкретниот случај, Имателот на информации донел Решение со кое го уважил Барањето, но не ја доставил бараната информација што е наведена во Барањето, односно **„Годишните извештаи за 2019, 2020 и 2021 година**". Имателот на информации со допис го известил Барателот на информации за вкупниот број на бездомните животни на територијата на Општина Битола по години, но не ги доставил побараните Годишни извештаи за бројот на заловени и третирани бездомни животни.

Агенцијата, му укажува на Имателот на информации дека е должен согласно член 9 и 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, редовно да води и да ажурира листа на информации со кои тие располагаат и истите да ги објавува на начин достапен за јавноста, односно преку својата интернет страница.

Согласно член 3 став 1 алинеа 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер **„информација од јавен карактер"** е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

При повторното постапување по предметот, Имателот на информации е должен да постапи по укажувањата на Агенцијата.

Поради погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, под бр. 08-763.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-763
17.11.2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

**До** — **Бр. 41-476/8**

**Валентина Андријашевиќ Кривашија** — **22.11.2021**

**Раководител на одделение за урбанистичко планирање**

**и заштита на животната средина**

**Предмет: Доставување на жалба бр. 08-763 од** [redacted]

Почитувана,

Во прилог Ви ја доставувам жалбата поднесена од [redacted] до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Ве молам за постапување, согласно наведеното во барањето, односно со достава на бараните Годишни извештаи за 2019,2020 и 2021 година.

Ве молам за писмено известување (одговор) во рок од 5 работни дена.

22.11.21

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 22.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41- | 476 | 8 | 1 |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

31-2122/2

22.11.2021 год.

Битола

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,
Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.41-476/8 од 22.11.2021 година, Ве информираме дека Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина не располага со податоците кои се наведени во доставената Жалба бр.08-763 од , истовремено Ве информираме дека Согласно Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола донесено во мај 2019 година надлежно за спроведување на Програмата е ЛП Комуналец.
Имено, ЛП е задолжено за спроведување на јавна набавка за избор на ветеринар за третирање бездомно животни.
За потребните информации Ве молиме обратете се до горенаведеното претпријатие.

Со почит,

Изработил
Александра Ангеловска

РАКОВОДИТЕЛ

Одделение за урбанистичко планирање
и заштита на животната средина

Валентина Андријашевиќ Кривашија, диа

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

**До** | **Бр. 41-476/9**

**Панде Богоевски** | **23.11.2021**

**Директор на ЈП Комуналец - Битола**

**Никола Дамески**

**Раководител на сектор „Јавно зеленило“**

**Предмет: Обезбедување податоци согласно досатвено барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

На 04.11.2021 до општина Битола е доставено барање за пристап до информации од јавен карактер од . На доставениот одговор од одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина, здружението испрати жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации која се уважува и агенцијата испрати решение до општината со цел обезбедување на комплетен одговор на поставените прашања.

Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина, одговори дека не располага со бараните одговори, поради што упатува на обраќање до ЈП Комуналец, како надлежно претпријатие во областа наведена во барањето. Од таа, причина, ве молам за постапување согласно следното барање: **достава на годишни извештаи за 2019,2020 и 2021 година (заклучно со денот на доставување на барањето, за бројот на заловени и третирани животни на територијата на општина Битола, согласно обврската за водење евиденција од член 20, став 2 од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44/21) и член 9, став 1 алинеја 1 од Правилникот за технички услови за прифатилиштата ( 141/10), кој беше на сила до 01.03.2021 година.**

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Во прилог Ви доставувам:

- Барање за пристап до информации од јавен карактер од .
- Одговор од одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина од 04.11.2021

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

- Решение од Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Одговор од одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина од 22.11.2021

Со почит,

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Gmail

Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 23.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 476/ | 10 | |

## Барање за одговор на прашање преку слободен пристап до информации од јавен карактер

1 message

**Cvetanka Ristevska** <cvetankam84@gmail.com> Tue, Nov 23, 2021 at 9:59 AM
To: komunalecbt@komunalecbt.com.mk
Bcc: p_bogoevski@yahoo.com

Почитувани,

Во прилог Ви испраќам барање за пристап до информации од јавен карактер со пропратна документација и уважена жалба од Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Ве молам, за одговор во рок од 5 дена, согласно Вашата надлежност.

Со почит,

--
Цветанка Ристевска
Раководител на одделение за административни
и општи работи
Општина Битола

+389 76 48 57 54
cvetankam84@gmail.com
contact@bitola.gov.mk

**Барање за пристап до информации до ЈП Комуналец.pdf**
275K

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 24.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| 41 | -476 | /11 | |

ЈП КОМУНАЛЕЦ Битола
Бр. 03-520/4
24.11.2021 год.
БИТОЛА

До
Општина Битола
Одделение за урбанистичко планирање и
заштита на чивотна средина
за г-ѓа Цветанка Ристевска
Битола

Предмет:Одговор на Ваше барање

Во врска со барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.41-476/8 од 22.11.2021 година од [redacted] во врска со собирање на кучиња скитници и решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер Ве известуваме за следното:

ЈП Комуналец Битола во рамките на својата дејност врши заловување на кучиња скитници на територија на Општина Битола. Додека да се изврши ветеринарен третман времено истите се чуваат во кафези во кругот на зоолошката градина.

Во текот на 2019 година заловени се 582 кучиња, во 2020 година 299 кучиња и во 2021 година заловени се 279 кучиња скитници. Сите заловени кучиња се ветеринарно третирани од страна на ветеринарната клиника ,,ВЕТ МАК,, ДООЕЛ Битола со која ЈП Комуналвец има склучено договор.

Со почит,

ЈП Комуналец Битола
Директор
Панде Богоевски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

**До**

**Бр. 41-476/12**

**29.11.2021**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.41-476/1 заведено во општина Битола на 04.11.2021 и доставената жалба од Ваша страна до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, како и решението од Агенцијата, доставено до општина Битола, Ве известувам дека:

- Прашањето и жалбата се доставени до одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина при Општина Битола (прилог допис бр.41-476/8 од 22.11.2021), од каде е добиен одговорот во прилог (допис бр.41-476/8/1 од 22.11.2021)
- Прашањето и жалбата, заедно со одговорот од одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина при општина Битола, се испратени до ЈП Комуналец (бр.41-476/9 од 23.11.2021), од каде е добиен одговор со број 41-476/11 од 24.11.2021.

Во прилог Ви ја доставувам наведената документација, која е добиена при посредување за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит,

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Gmail

Cvetanka Ristevska <cvetankam84@gmail.com>

## Одговор на барање за пристап до информации 41-476

1 message

**Cvetanka Ristevska** <cvetankam84@gmail.com> Mon, Nov 29, 2021 at 9:52 AM
To:

Почитувани,

Во прилог Ви ги доставувам одговорите, поврзани со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер.

Со почит

--
Цветанка Ристевска
Раководител на одделение за административни
и општи работи
Општина Битола

+389 76 48 57 54
cvetankam84@gmail.com
contact@bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 29.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | -476 | /13 | |

**одговор по жалба.pdf**
225K

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

**До**

**Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Бр. 41-476/14**

**29.11.2021**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на жалба**

**Почитувани,**

Во врска со доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер од бр.41-476/1 заведено во општина Битола на 04.11.2021 и доставената жалба од нивна страна до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, како и решението од Агенцијата, доставено до општина Битола, заведено на 22.11.2021 со број 41-476/7 Ве известувам дека, од моја страна како лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер на Општина Битола, преземени се следните активности:

- Прашањето и жалбата се доставени до одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина при Општина Битола (прилог допис бр.41-476/8 од 22.11.2021), од каде е добиен одговорот во прилог (допис бр.41-476/8/1 од 22.11.2021)
- Прашањето и жалбата, заедно со одговорот од одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина при општина Битола, се испратени до ЈП Комуналец (бр.41-476/9 од 23.11.2021), од каде е добиен одговор со број 41-476/11 од 24.11.2021.
- Наведената документација, со пропратно писмо бр.41-476/12 е доставена до Здружението , согласно нивното барање по емаил.

Со почит,

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА * IV

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

еб.бр.1486/2021
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТ А
Примено: 20-12-2021
Број Прилог

Врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), а согласно член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од од Битола, поднесена преку застапник на Здружението, поднесена против ЈП „Комуналец“ Битола, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на __.__.2021 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Жалбата бр.08-786 од 09.12.2021 година, изјавена од од Битола, поднесена преку застапник на Здружението, поднесена против ЈП „Комуналец“ Битола, заведена во Агенцијата под бр.08-786 на 09.12.2021 година по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

**2. Предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.**

**3. Иметелот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Здружението за заштита „АРК Анималис“ од Битола, на 04.11.2021 година поднело Барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола, заведено во архивата на Општината под бр.41-476/1, со кое побарало по е-маил да му биде доставена фотокопија од следната информација:

„1.Согласно Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачје на Општина Битола донесена во мај 2019 година Ве молам да ни ги доставите годишните извештаи за 2019, 2020 и 2021 година (заклучно со денот на доставување на ова барање) за бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на Општина Битола согласно обврската за водење евиденција од член 20, став (2) од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44.21) и член 9, став (1), алинеја 1 од Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10), кој беше на сила до 01.03.2021 година.“

Постапувајќи по наведеното Барање, Општина Битола-Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија до Барателот на информации доставил Известување бр.41-476/12 од 29.11.2021 година, во кое го известува Барателот дека „...Прашањето и жалбата, заедно со одговорот од одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина при општина Битола, се испратени до ЈП Комуналец (бр.41-476/9 од 23.11.2021), од каде е добиен одговор со број 41-476/11 од 24.11.2021. Во прилог Ви ја доставувам наведената документација, која е добиена при посредување за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер“. Во прилог на наведеното Известување е доставен и Одговорот од ЈП „Комуналец“ Битола бр.03-520/4 од 24.11.2021 година во кој е наведено дека „ЈП Комуналец Битола во рамките на својата дејност врши заловување на кучиња скитници на територијата на Општина Битола. Додека да се изврши ветеринарен третман времено истите се чуваат во кафези во кругот на зоолошката градина. Во текот на 2019 година заловени се 582 кучиња, во 2020...сите заловени кучиња се

ветеринарно третирано на ветеринарната клиника „ВЕТ МАК“ ДООЕЛ Битола со која ЈП Комуналец има склучено договор.

Незадоволен од добиениот одговор Барателот на информациите, во законски предвидениот рок, поднел Жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведена во Агенцијата под бр.08-786 на 09.12.2021 година. Во Жалбата е наведено дека „Барањето, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер беше препратено од страна на Општина Битола до ЈП Комуналец Битола...добивме одговор...по што телефонски го известивме службеното лице за посредување со информации од јавен карактер при Општина Битола и побаравме да ни овозможи запознавање со побараните информации во формат наведен во барањето. На ден 29.11.2021 година, Општина Битола ни препрати нов одговор од ЈП Комуналец. Одговорот...повторно не ги содржи побараните информации во целост...ни достави одговор само за вкупниот број на заловени кучиња за секоја година. Член 20 став 2 од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44/21) и член 9 став 1 алинеја 1 од Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10) укажуваат на обврската за електронска или писмена евиденција за секое заловено животно, која треба да ги содржи следните податоци...“. Во прилог е дадена содржината од член 20 став 2 од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња, во кој во 5 точки се наведуваат поголем број на барани податоци согласно различни критериуми и параметри. Притоа во Жалбата е нагласено: „ЈП Комуналец...не ги достави побараните информации согласно законската обврска...доколку не ги поседуваат, бараме да се изјаснат на писмено дека не ги поседуваат, по што би покренале постапка пред надлежните органи“.

Агенција, преку е-маил заведен под бр.08-786 од 09.12.2021 година, ја препрати Жалбата до ЈП „Комуналец“ Битола и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации на 10.12.2021 година до Агенцијата достави е-маил во прилог на кој достави само фотокопија од Одговорот од ЈП „Комуналец“ Битола бр.03-520/4 од 24.11.2021 година, заведен во Општина Битола на 24.11.2021 година под бр.41-476/11.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, постапувајќи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата и расположливите списи, истата **ЈА УВАЖИ и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган,** поради следното:

Пред донесувањето на конечна одлука Агенцијата утврди дека Имателот на информации не постапил целосно согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и не ја доставил бараната информација до барателот, на начин и во форма наведени во Барањето.

Согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.“

Од горенаведениот член произлегува дека, имателот на информации наместо да достави до барателот на информации допис по е-маил, бил должен да постапи согласно членот 20 од истиот Закон и да донесе Решение во врска со Барањето. Имателот на информации е должен да постапи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како Lex specialis во областа на слободниот пристап.

Во конкретниот случај, Имателот на информации добил препратено Барање за пристап до информации од страна на Општина Битола, но до Барателот не ја доставил бараната информација што е наведена во Барањето, односно :„1.Согласно Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачје на Општина Битола донесена во

мај 2019 година Ве молам да ни ги доставите годишните извештаи за 2019, 2020 и 2021 година (заклучно со денот на доставување на ова барање) за бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на Општина Битола **согласно обврската за водење евиденција од член 20, став (2) од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44.21) и член 9, став (1), алинеја 1 од Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10), кој беше на сила до 01.03.2021 година.**

Имателот на информации со допис одговор бр. 41-476/11 од 24.11.2021, преку Општина Битола, на Барателот му доставил само статистички податоци кои се однесуваат на првиот дел од Барањето, но не и за делот од Барањето кој се однесува на „бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на Општина Битола согласно обврската за водење евиденција од член 20, став (2) од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44.21) и член 9, став (1), алинеја 1 од Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10), кој беше на сила до 01.03.2021 година".

Агенцијата, му укажува на Имателот на информации дека е должен согласно член 9 и 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер редовно да води и да ја ажурира сопствената Листа на информации со кои располага и за истите да ја информира јавноста преку нивно објавување на својата интернет страница. Информациите на кои се однесуваат овие два члена од Законот се таксативно наброени токму во член 10 од истиот.

Согласно член 3 став 1 алинеа 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер **„информација од јавен карактер"** е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

При повторното постапување по предметот, Имателот на информации е должен да постапи по укажувањата на Агенцијата.

Поради погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, под бр. 08-786.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-786
16 12 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија

Одделение за јавни дејности

**До**

**Лице за посредување при остварување**

**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**

**Бр. 41-476/15**

**21.12.2021**

**Предмет: Доставување на решение по жалба од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Општина Битола, доставена е жалба од Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, која се однесува на ЈП Комуналец.

Од остварениот контакт со Агенцијата, известени сме дека жалбата потребно е да биде испратена до ЈП Комуналец, а не до Општина Битола, поради што од нас е побарано истата да ви ја препратиме на понатамошно постапување.

Со почит,

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk